# АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА ВО 2019 ГОД.



**ЈАНУАРИ 2020**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД – ШТИП**

**ЗА 2019 ГОДИНА**

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Апелациониот суд Штип во 2019 година, примени се вкупно 3294 предмети, решени се 3368 предмети, а не решени останале 235 предмети. Приливот на предмети во 2019 година е совладан, заостатокот на нерешени предмети од 2018 година е намален за 74 предмети. Судот од 15.03 2019 година работел со 12 судии заедно со претседателот на судот од кои 6 во граѓански оддел и 6 во кривичен оддел. На еден судија функцијата судија му е во мирување.

Според податоците се констатира дека во 2019 година има повеќе примени предмети од 2018 година за 84 предмети. Приливот на предмети е зголемен кај предметите РОЖ, во 2018 примени биле 655 предмети, а во 2019 година примени се 696 предмети, но и бројот на решени предмети е зголемен од 681 предмет во 2018 година на 694 предмети во 2019 година, а заостатокот е зголемен само за 2 предмети, од 19 предмети во 2018 година на 21 предмет во 2019 година. Кај предметите ГЖ приливот на нови предмети е зголемен, во 2018 година примени се 1083 предмети, а во 2019 година примени 1180 предмети, 97 предмети повеќе од 2018 година, мегутоа решени се 1200 предмети во 2019 година, за 10 предмети повеќе од 2018 година и намален е заостатокот на предмети за 20,(во 2018 година 164 нерешени предмети, а во 2019 година 144 нерешени предмети). Кај ТСЖ предметите намален е приливот во 2018 година – 455 предмети, а во 2019 година 306 предмети, но намален е и бројот на нерешени премети, во 2018 година 81 , а во 2019 година 36 нерешени предемети

Кај КЖ предметите во 2018 година се примени 395 предмети, а во 2019 година 411 предмети, што значи дека приливот на предмети е зголемен за 16 предмети, а бројот на нерешените предмети е исто како и во 2018 година (27 предмети) бидејки се решени 411 предмети толку колку што се ново примени предмети во 2019 година.

Кај Ксж предметите приливот е намален за 23 предмети, во 2018 година 192, а во 2019 година 169 предмети, решени се 167 предмети за два предмети помалку од примените нови предмети, па и заостатокот е зголемен за 2 предмети од 2 нерешени во 2018 година на 4 нерешени предмети во 2019 година. Прекршочните предмети во 2018 година биле 365 ново примени предмети, во 2019 година 343 предмети, но решени се повеќе предмети во 2019 за разлика од 2018 година за 83 предмети, така што заостатокот е намален за 12 предмети, од 15 нерешени во 2018 година, во 2019 година има само 3 нерешени предмети.

Во прилог на ова е:

**Табела бр.1**

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Уписник за второстепени кривични предмети | 27 | 397 | 13 | | 437 | 410 | 27 |
| КЖМ-Уписник за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници | | 3 | | | 3 | 3 | 0 |
| КСЖ-Уписник за второстепен кривичен совет | 2 | 169 | | | 171 | 167 | 4 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 15 | 433 | 1 | | 449 | 446 | 3 |
| КР-Уписник за разни кривични предмети | 1 | 10 | | | 11 | 11 | 0 |
| ГЖ-Уписник за второстепени граѓански предмети | 164 | 1159 | 19 | | 1342 | 1198 | 144 |
| РОЖ-Уписник за второстепени предмети по спорови од работни односи | 19 | 689 | 5 | | 713 | 692 | 21 |
| ТСЖ-Уписник за второстепени предмети по трговски спорови | 81 | 297 | 6 | | 384 | 348 | 36 |
| Р-Уписник за разни граѓански предмети | | 84 | | | 84 | 84 | 0 |
| **ВКУПНО** | **309** | **3241** | **44** | **0** | **3594** | **3359** | **235** |

Податоци за предметите се дадени од евиденцијата од системот АКМИС. Резултатите од работењето на судот се пресметани за период од 10,5 месеци.

Во кривичниот оддел во просек по кривичните предмети: КЖ, КЖМ, КСЖ, ПРКЖ и КР заедно е остварена 65,45 % од предвидената норма од страна на Судскиот совет на Република Македонија.

Во граѓанскиот оддел во просек по сите видови предмети: ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р остварена е 169,94 % од предвидената норма.

## 2. Судска Управа

**Табела бр.2**

| Вид на предмети од уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-Разни известувања во Судска Управа | | 1320 | | 1320 | 1320 | |
| СУ-ДОВ-Доверлив уписник за судска управа | | 5 | | 5 | 5 | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| УПП-Уписник за евиденција на преставки и поплаки | | 46 | | 46 | 46 | |
| СУ-ИЗЗ-Иземање на судии и претседател | | 175 | | 175 | 175 | |
| СПИ-Уписник за слободен пристап до информации | | 7 | | 7 | 7 | |
| **ВКУПНО** | **0** | **1553** | **0** | **1553** | **1553** | **0** |

## 3. Квалитет на предмети на ниво на суд

**Табела бр.3 - Квалитет на одлуки во соодност со решените предмети**

| Вид предмети | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 410 | 27 | 6,59% | 3 | 0,73% | 2 | 0,49% | 8 | 1,95% |
| КСЖ | 167 | 3 | 1,80% | 1 | 0,60% | | 0,00% | | 0,00% |
| КЖМ | 3 | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% |
| ПРКЖ | 446 | | 0,00% | 1 | 0,22% | | 0,00% | | 0,00% |
| КР | 11 | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% |
| ГЖ | 1198 | 25 | 2,09% | 6 | 0,50% | 5 | 0,42% | 16 | 1,34% |
| ТСЖ | 348 | 11 | 3,16% | 1 | 0,29% | 2 | 0,57% | 7 | 2,01% |
| РОЖ | 692 | 10 | 1,45% | 4 | 0,58% | 1 | 0,14% | 4 | 0,58% |
| Р | 84 | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% |
| **ВКУПНО** | **3359** | **76** | **2,26%** | **16** | **0,48%** | **10** | **0,30%** | **35** | **1,04%** |

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

Состојбата со предметното работење на ниво на оддели е следната:

**Табела бр.4/1 - Кривичен оддел**

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Уписник за второстепени кривични предмети | 27 | 397 | 13 | | 437 | 410 | 27 |
| КЖМ-Уписник за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници | | 3 | | | 3 | 3 | 0 |
| КСЖ-Уписник за второстепен кривичен совет | 2 | 169 | | | 171 | 167 | 4 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 15 | 433 | 1 | | 449 | 446 | 3 |
| КР-Уписник за разни кривични предмети | 1 | 10 | | | 11 | 11 | 0 |
| **ВКУПНО** | **45** | **1012** | **14** | **0** | **1071** | **1037** | **34** |

**Табела бр.4/2 - Граѓански оддел**

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ-Уписник за второстепени граѓански предмети | 164 | 1159 | 19 | | 1342 | 1198 | 144 |
| РОЖ-Уписник за второстепени предмети по спорови од работни односи | 19 | 689 | 5 | | 713 | 692 | 21 |
| ТСЖ-Уписник за второстепени предмети по трговски спорови | 81 | 297 | 6 | | 384 | 348 | 36 |
| Р-Уписник за разни граѓански предмети | | 84 | | | 84 | 84 | 0 |
| **ВКУПНО** | **264** | **2229** | **30** | **0** | **2523** | **2322** | **201** |

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддели

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки на ниво на кривичен оддел е следната:

**Табела бр.5/1 - Квалитет на одлуки во соодност со вкупно решените предмети**

| Вид предмети | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 410 | 27 | 6,59% | 3 | 0,73% | 2 | 0,49% | 8 | 1,95% |
| КСЖ | 167 | 3 | 1,80% | 1 | 0,60% | | 0,00% | | 0,00% |
| КЖМ | 3 | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% |
| ПРКЖ | 446 | | 0,00% | 1 | 0,22% | | 0,00% | | 0,00% |
| КР | 11 | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% |
| **ВКУПНО** | **1037** | **30** | **2,89%** | **5** | **0,48%** | **2** | **0,19%** | **8** | **0,77%** |

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки на ниво на граѓански оддел е следната:

**Табела бр.5/2 - Квалитет на одлуки во соодност со вкупно решените предмети**

| Вид предмети | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 1198 | 25 | 2,09% | 6 | 0,50% | 5 | 0,42% | 16 | 1,34% |
| ТСЖ | 348 | 11 | 3,16% | 1 | 0,29% | 2 | 0,57% | 7 | 2,01% |
| РОЖ | 692 | 10 | 1,45% | 4 | 0,58% | 1 | 0,14% | 4 | 0,58% |
| Р | 84 | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% | | 0,00% |
| **ВКУПНО** | **2322** | **46** | **1,98%** | **11** | **0,47%** | **8** | **0,34%** | **27** | **1,16%** |

## 6. Состојба со стари предмети

На 31.12.2019 година стари незавршени предмети според годината на прием во Апелационен суд Штип биле следните:

КЖ - незавршен останал 1 предмет:
2017 – КЖ-96/17;

ГЖ - незавршени останале 2 предмети од кои:
2016 – ГЖ-970/16;
2017 – ГЖ-1030/17;

Состојба на стари предмети (над 3 години) според годината на нивниот прием за прв пат во основниот суд е следната:

КЖ - незавршени останале 4 предмети од кои:
2011 - 1 предмет;
2012 - 1 предмет;
2015 - 2 предмети;

КСЖ- незавршен останал 1 предмет:
2013 – 1 предмет;

ГЖ - незавршени останале 2 предмети од кои:
2009 - 1 предмет;
2015 – 1 предмет;

ТСЖ - незавршен останал 1 предмет:
2015 - 1 предмет.

## 7. Просторни капацитети

Просториите во кој се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема. Секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и Интернет. Печатањето на одлуките се врши преку мрежен печатар со што се заштедува во средства за опрема и така е и поекономично за експлоатација. Изградена е просторија за серверите по сите поставени стандарди. Секоја канцеларија е климатизирана и вклучена во системот за парно греење.

Судот располага со три судници, од кои едната е со систем за тонско снимање, и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот.

Постои проблем со сместување на судските советници и соработници бидејќи тие се сместени по двајца во една просторија, а некои се сместени во канцеларии на судии што моментално се упразнети и не е трајно решение. Додека записничарите се сместени по 6 лица во две простории, но сега за сега нема можност за било какво проширување. Ова состојба може да се надмине само доколку Вишото јавно обвинителство кои се сместени во судската зграда бидат преместени во друга зграда.

Реален и долгогодишен проблем постои што средствата за греење се обезбедуваат од буџетот на овој суд, а на системот се вклучени и други органи како: Основен суд Штип, Основно јавно обвинителство Штип, Вишо Јавно обвинителство Штип и Јавно правобранителство. Освен Јавното правобранителство ниту еден од другите органи не партиципира со средства за парно, но и за електрична енергија, вода и ѓубре. За овие износи се доставуваа прегледи за нивните трошоци секој месец, но тоа нема никаков ефект.

## 8. Извештај за информатички технологии

### Примена на програмски апликации во судот

АКМИС системот во работата на судот комплетно се применува, т.е. секој предмет, акт и предвидените податоци ажурно се заведуваат во електронските досиеа на предметите и соодветно се процесираат (не се практикува паралелна работа вон АКМИС ниту во писарница). Сите извештаи се генерираат со помош на постојните модули во АКМИС и апликацијата CCPM извештаи.

Редовно се врши електронска достава на покани и други писмена до адвокатите регистрирани на порталот за е-достава.

Модулот за скенирање редовно се користи. Сите поднесоци кои се доставуваат во хартиена форма до судската писарница се внесуваат во електронското досие на предметот.

Во текот на 2019 година имаше надградување на нови верзии на АКМИС системот. Последната верзија е 5.7.0.29.

Сите компјутери се заштитени со лиценциран Kaspersky антивирус.

АБМС системот за работата во сметководство и благајна уредно се применува.

### Извршени промени и доградби

За одржување на ИТ опремата со која располага судот редовно се набавуваат резервни делови (хард дискови, напојувања, RAM мемории, матични плочи, картички и др.) и истите се вградуваат во постојните конфигурации во случај на дефект. Се врши замена и на веќе старите амортизирани глувчиња, тастатури, слушалки, мрежни кабли и монитори.

Преку спроведени јавни набавки во 2019 година набавени се 40 персонални компјутери HP 290 G2 и еден нов ласерски печатар HP 426 FDN.

На 20.12.2019 год. од страна на техничко лице од Неоком, беше променет еден SAS 300 GB HD.

### Воочени проблеми и предлози за подобрување

Во врска со модулот за анонимизација и објавување на одлуки на web-сајтот на судот состојбата е следната:

- Од 01.06.2009 до 31.12.2015 на стариот web сајт на судот имаше објавено вкупно 24.643 одлуки.
- На новиот web портал преку модулот за автоматска објавување на старите (претходно објавени) одлуки од 26.06.2009 до 15.11.2015 од

страна на Едусофт се објавени вкупно 4.232 одлуки (приближно 20.000 одлуки помалку), и тоа: 93 од 2009, 729 од 2010, 571 од 2011, 629 од 2012, 681 од 2013, 649 од 2014 и 881 од 2015.

- Од 16.11.2015 до 31.12.2019 од страна на АС Штип се објавени вкупно 13.134 нови одлуки, што заедно со старите одлуки изнесува вкупно 17.366 одлуки.

Проблеми кои произлегоа при објавување на старите одлуки:

- Законскиот период во кој треба одлуките да стојат објавени е 5 години, а на новиот web портал на судот има објавени одлуки постари од 9 години.
- Мемориската зафатнина на бекапот на SQL базата на АКМИС се зголеми на 72 GB и можни се проблеми со недостаток на меморија на дисковите на виртуелните машини на серверот во блиска иднина.

Проблем во врска со пребарувањето на објавените одлуки:

При пребарување на одлуки на web-сајтот АС Штип до секој број на второстепен предмет има број на соодветниот првостепен предмет, но линкот до него е погрешен, т.е. со клик на првостепениот број наместо да се отвори одлуката на основниот суд, се отвора одлука со соодветен број, но од погрешен основен суд.

Проблеми со електронската достава:

- Електронската достава на писмена до адвокатите кои имаат регистрирано сандаче на Порталот за е-достава се извршува многу бавно, потребни се повеќе обиди (при кои се добива порака за грешка) за успешно да се изврши е-доставата;
- Немаме интерконекција со Вишото јавно обвинителство и овој проблем не можеме самите да го решиме, потребна е интервенција од страна на одговорните за реализација на интерконекциите со ЈО.

Заради истекувањето на гаранциите на серверот и свичевите, набавката на резервни делови и тековното одржување наскоро ќе стане невозможно или нерентабилно. Затоа во догледно време е пожелна целосна замена на истите, што повлекува потреба од навремено планирање и обезбедување на средства за таа намена.

Кај серверите освен проблемот со амортизација и истекот на гаранциите, постои и проблем со постепено намалување на слободниот простор за нови податоци, посебно за објавените одлуки и за скенираните документи со модулот е-приемно одделение.

Заради тековното обновување на хардверот, неопходно е планирање на средства и набавување на лиценци за Microsoft Office, а за потребите за изготвување на информативни материјали – Информатори и Билтени пожелна е набавка на програми за графички дизајн, PDF Editor, софтвер за мултимедијални презентации и др. Заради обезбедување услови за безбедна и непречена комуникација, како и повеќекратно зголемување на лимитот на податоци кои електронски ги праќаме и примаме, за секој суд потребен е сопствен меил сервер, софтвер за автоматска енкрипција на податоци и софтвер за следење на логови на серверите.

## 9. Извештај за човечки ресурси

Апелациониот суд во Штип на почетокот на 2019 година имаше 54 вработени од кои 13 судии заедно со Претседателот на судот, 35 судски службеници и 6 припадници на судската полиција.

На 11.02.2019 година по распишан јавен оглас се вработи Симе Зафиров,Виш судски референт-одговорен за одржување на судската зграда, така што бројот на судските службеници се зголеми за 1(еден) и изнесува 36, а бројот на вработени изнесуваше 55.

На 14.03.2019 година судијата Јагода Ѓуркова замина во старосна пензија, така што бројот на судиите се намали за 1(еден) и изнесуваше 12 судии заедно со претседателот на судот, а бројот на вработени изнесуваше 54. На ден 30.06.2019 година Самостојниот референт благајник Јулија Гелева и Самостојниот судски референт- водител на писарница во кривичен оддел Славица Крстева заминаа во старосна пензија така што бројот на судските службеници изнесуваше 34 а бројот на вработени се намали на 52.

Во текот на јули, октомври и декември 2019 г. по распишани јавни огласи 1/19, 2/19 и 3/19 беа вработени две хигеничарки, Анита Милосавлъевска и Сузана Крнчевска и еден Виш судски референт-координатор на техничка служба- возач Наце Толев, така што бројот на вработени сега изнесува 55 од кои: 12 судии, 35 судски службеници, 2 (две) хигеничарки и 6 припадници на судската полиција.

Во Апелациониот суд Штип моменталната структура на вработени е следна:

1 (еден) судски администратор, 15 стручни судски службеници (2 - судски советници, 3 - виши судски соработници, 5-судски соработници и 3 - помлади судски соработници, 2 советници – информатичари), 1 (еден) Технички секретар на Претседателот, 11 (единаесет) судски референти - дактилографи, 1 самостоен судски референт - координатор на дактилобиро, 1 (еден) самостоен референт - сметководител, 1(еден) самостоен судски референт - водители на писарница во граѓански оддел, 1 (еден) самостоен судски референт - референт за прием и експедиција на пошта и архивар, 1(еден) Виш судски референт-координатор на техничка служба, 1 (еден) Виш судски референт-одговорен за одржување на судската зграда 1 (еден) помлад судски референт – доставувач, 6 (шест) припадници на судската полиција, и 2(две) хигеничарки.

### Организациона поставеност и систематизација (судии и други вработени)

### Организациона поставеност

Согласно Судскиот Деловник Апелациониот суд Штип својата надлежност ја остварува преку канцеларијата на Претседателот на судот, кривичен оддел, граѓански оддел, судии за судска пракса, судска писарница и канцеларија за односи со јавност.

Во рамките на канцеларијата на Претседателот на судот работеа Техничкиот секретар на Претседателот на судот, сметководител, благајник(до 30.06.2019 година) и двајца советници - информатичари. Судскиот администратор својата надлежност ја остварување самостојно

и со помош на останатите вработени во канцеларијата на Претседателот на судот.

Во кривичен оддел беа распоредени 6 судии, 4 стручни соработници и 6 дактилографи.

Во граѓански оддел беа распоредени 6 судии, 9 стручни соработници и 6 дактилографи.

Во одделот за судска пракса беа распоредени 5 судии, 2 судски соработници и 1 информатичар.

Во судската писарница беа распореден еден водител на писарница во кривичен оддел(до 30.06.2019 год.), еден водител на писарница во граѓански оддел и еден референт за прием и експедиција на пошта и архивар.

Во рамките на судската писарница е и канцеларијата за односи со јавност. Референтот за прием и експеција на пошта и архивар е и одговорен за односи со јавност.

**Систематизација**

**Судии**

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ во Апелациониот суд во Штип се предвидени 16 судии заедно со Претседателот на судот. Апелациониот суд во Штип од 01.01.2019 година до 14.03.2019 година работеше со 13 судии заедно со Претседателот на судот, а од 15.03.2019 година работеше со 12 судии, поради заминување на судијата Јагода Гуркова во старосна пензија. Едно судиско место е во мирување бидејки судијата Васка Петрова се уште ја врши функцијата Претседател на Основниот суд Виница.Три судиски места не се пополнети и заедно со едно судиско место кои е во мирување, Апелациониот суд во Штип од 15.03.2019 година. работеше со четири судии помалку.

**Судски службеници, судска полиција, работници според ЗРО**

Вкупниот број на предвидени работни места согласно систематизацијата на работни места во судот се: 67 судски службеници, 10 – судска полиција и 5 вработени според ЗРО или вкупно 82 вработени а се вработени 35 судски службеници, 6 припадници на судската полиција и 2(две) хигеничарки според ЗРО или вкупно 43 вработени.

Во Апелациониот суд во Штип моменталната структура на вработени од е следната:

- 1 (еден) судски администратор

- Стручни судските службеници:, 15 стручни судски службеници (2 - судски советници, 3 - виши судски соработници, 5-судски соработници и 3 - помлади судски соработници, 2 советници – информатичари).

- Помошно стручни судски службеници: 1 (еден) Технички секретар на Претседателот, 11 (единаесет) судски референти - дактилографи, 1 самостоен судски референт - координатор на дактилобиро, 1 (еден)

самостоен референт - сметководител, 1(еден) самостоен судски референт - водители на писарница во граѓански оддел, 1 (еден) самостоен судски референт - референт за прием и експедиција на пошта и архивар, 1(еден) Виш судски референт-координатор на техничка служба, 1(еден) Виш судски референт-одговорен за одржување на судската зграда 1 (еден) помлад судски референт – доставувач.

-6 (шест) припадници на судската полиција.

- 2 (две) хигеничарки.

Од вкупно предвидените работни места според систематизацијата на Апелациониот суд Штип непополнети работни места се следните:

Во категоријата Б – раководни судски службеници непополнети се Следните работни места : Раководител на кривичен оддел, Раководител на граѓански оддел, Раководител на одделение за материјално и финансиско работење, Раководител на оделение за човечки ресурси и Раководител на одделение за информатика или вкупно 5 работни места од категорија Б.

Од предвидените работни места од категоријата В стручни судски службеници непополнети се: едно работно место за судски советник, едно работно место за советник - финансов аналитичар и едно работно место за советник за односи со јавноста, седум работни места за виш судски соработник, две работни места за судски соработник, две работни места за помлад судски соработник или вкупно непополнети 14 работни места од категоријата В.

Од предвидените работни места од категоријата Г помошно – стручно судски службеници, непополнети се: едно работно место за самотоен судски референт – водител на писарница, едно работно место Самостоен референт–благајник и 11 работни места за судски референти дактилографи или вкупно 13 работни места во категорија Г.

Од предвидените работни места непополнети се следните работни места еден работник во бифе, еден курир и еден возач или вкупно 3 работни места.

Од предвидените работни места за судска полиција непополнети се следните: 1 припадник на судската полиција, 1 координатор на судската полиција, 1 командир на судската полиција, 1 заменик командир на судската полиција или вкупно 4 вработувања во судската полиција.

## Планирани и реализирани вработувања

Согласно годишниот план за вработувања за 2019 год во Апелациониот суд Штип беа предвидено вработување на 1 виш судски референт- координатор на техничка служба и 2 две хигеничарки и сите три вработувања се реализирани оваа година.

**Приоритетни вработувања**

Тројца Судии

Според Одлуката на Судскиот Совет во Апелациониот суд во Штип предвидени се 16 судии заедно со Претседателот на судот, а моментално има 12 судии заедно со Претседателот и со едно судиско место кое е во мирување вкупно 13, што значи дека се упразнети три судиски места. Апелациониот суд Штип од 2014 год. работи со намален број на судии, поради што неопходно е пополнување на три судиски места, на кој начин Апелациониот суд во Штип ќе може поефикасно да ја извршува својата функција, а тоа ни е потребно и со цел за поефикасно формирање на советите. Во граѓанскиот оддел во 2019 година беа распоредени шест судии, во кој учествуваше претседателот на судот, за да функционираат два граѓански совети, а се со цел судот да биде ефикасен квалитетен и ажурен.

Самостоен судски референт – водител на писарница во кривичен оддел и Самостоен референт – благајник

На 30.06.2019 година Самостоен судски референт – водител на писарница во кривичен оддел и Самостоен референт – благајник заминаа во старосна пензија така што од 01.07.2019 година нивните работни задачи ги вршат Самостојниот судски референт-водител на писарница во граѓански оддел и самостојниот референт- сметководител. Работата е и отежната бидејки овие вработени работат по две работни задачи. Согласно годишниот план за вработување на судските службеници предвидени се овие работни места да се пополнат во 2020 година и тоа во јануари 2020 и јули 2020, меѓутоа се уште не е добиена согласност за одобрување на годишниот план за вработување за 2020 година од СБС односно од Министерството за финансии.

Судски референти – дактилографи

Потребно е да се пополнат уште 5 судски референти - дактилографи, бидејќи според систематизацијата предвидено е овој суд да има 16 судии, а има само 11 судски рефернти - дактилографи.

**Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите**

Безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот е на задоволително ниво. Имено во судот се вработени 6 припадници на судската полиција кои даваат голем придонес за безбедноста на вработените, судската зграда и странките. Судот целосно е опремен со видео надзор така што се поставени 9 камери на сите поважни места во судот и надвор од судот, а судскиот двор е ограден со бетонски зид и кована железна ограда и порти.

Во судот е поставен лифт за инвалидизирани лица како и патека за извалидска количка за да можат и овие лица да имаат пристап до судот, а во 2019 година се спороведе и реализира јавна набавка на

метал детектор врата која е поставена на првиот кат, на влезот во Апелационен суд Штип.

Преку распишување на тендери за јавна набавка во 2019 година набавени се 40 персонални компјутери кои се распоредуваат кај сите вработени, еден ласерски печатар, заменети се дрвените прозори во големата сала со нови ПВЦ прозори и е набавено ново службено патничко моторно возило.

Предметите во судот се примаат во судската писарница која е опремена со големи и високи плакари, кои се заклучуваат, а исто така и судиите во своите канцеларии се опремени со ормари во кои ги чуваат предметите. Некои од судиите имаат и метални ормари каде ги чуваат предметите. Канцелариите на останатите вработени исто се опремени со неопходните и нужни предмети - ормари, бироа ,столици, компјутери, а прозорците и вратите добро функционират и се заклучуваат. Апелациониот суд во Штип има резервни клучеви од сите канцеларии во случај на некаква елементарна несреќа и сл. Ноќно време дворот на судската зграда е осветлен со рефелектори за да подобро се контролира безбедноста на судот. На приземниот дел од судот е поставена елктронска врата заради безбедосни потреби кој ја контролираат припадниците на судската полиција. За време на јавните седници и расправи на судењата задолжително присуствува најмалку еден припадник на судската полиција.

Во случај на прекин на електричната енергија судот има набавено агрегат кој се уклучува автоматски неколку секунди по снемувањето на електичната енергија, така што процесот на работа продолжува.

Судот е опремен со ПП апарати кои се поставени на видни места во судот во случај на пожар.

Судот поседува и електронска рампа за паркин плацот и во судот можат да влегуваат само вработените кои имаа далечински упавувачи.

На почетокот на 2017 година Апелационен суд Штип се здоби со сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015. Согласно овој стандард изготвени се процедури со чија примена се овозможува безбедност на податоците, предметите и ИТ опремата во судот. Во тек е постапка за ресертификација на сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, бидејки во декември 2019 година истекува неговата важност.

Апелационен суд Штип врши електронска обработка на податоци во информацискиот систем кој претставува збир од сервер, мрежна опрема, персонални компјутери, печатачи, преносни медиуми и програмски алатки како поддршка на информацискиот систем.

Според процедурата ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЧКИ ПРИВИЛЕГИИ ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ врз основа на актот за систематизација и распоредот за работа секој вработен се распоредува во соодветна корисничка група со точно дефинирани привилегии за пристап до АКМИС системот и останатите податоци во ИТ системот.

Со процедурата ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП ДО СЕРВЕР САЛА се пропишува евидентирање на пристап во сервер сала со цел да се обезбеди: контрола над влегувањето и излегувањето од просторијата во која се сместени серверите и заштита и сигурност на податоците обработени во Апелационен суд Штип. Апелационен суд Штип воспоставува и применува мерки за физичка сигурност на информациските системи преку физичко обезбедување на работните

простории и информатичко – комуникациската опрема каде што се собираат, чуваат и обработуваат податоци. Пристап до просториите каде е информациско – комуникациската опрема имаат судските службеници – информатичари, вработени во Апелационен суд Штип и други овластени лица од страна на Претседателот на судот. Физички пристап до просторијата во Апелационен суд Штип во која се сместени серверите има администраторот на информацискиот систем, кој е писмено овластен од страна на претседателот на судот, со прецизирање на неговото својство и со образложување на причините, односно потребата за издавањето на овластување за пристап. Друго лице може да добие пристап до сервер салата само со Решение за пристап до сервер сала издадено од претседателот на судот.

За да се обезбеди физичка сигурност на информациските системи сервер салата ги задоволува неопходните просторни, климатски и енергетски услови: антистатички подигнат под со минимум носивост 250 кг/м2, огноотпорна врата, нема прозорци и грејни тела, има редундантен разладен систем кој одржува постојана температура од 20ºC (максимум 25 ºC) и влажност од 40% (максимум 60%), изворот на напојување го задоволува EN50082 стандардот за електромагнетна компатибилност, има заземјување, влезот е обезбеден со видео надзор и со контрола на пристап од страна на судската полиција. Вратата на сервер салата се држи заклучена а клуч од истата има судскиот службеник-информатичар и судската полиција.

Апелационен суд Штип применува мерки и контроли за заштита на просторијата во која се сместени серверите, со цел заштита од ризиците во опкружувањето, вклучувајќи кражба и инсталира соодветни апарати и аларми за намалување на ризикот од пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетско зрачење.

Со процедурите ФИЗИЧКА ЗАШТИТА И ВИДЕО НАДЗОР и ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛИЦА КОИ ВЛЕГУВААТ ВО СУДОТ се пропишува начинот на вршење на видео надзорот во просториите на Апелационен суд Штип, како и начинот на евидентирање на лица кои влегуваат во зградата на АС Штип, со цел да се обезбеди: заштита на животот или здравјето на луѓето, заштита на сопственоста, заштита на животот и здравјето на вработените и лицата кои се присутни во судовите поради природата на работата и контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Видео надзорот се врши преку камери поставени на девет места во и надвор од судската зграда , како и една посебна камера која е ставена во централниот ходник на први спрат. Снимките од деветте камерата се зачувуваат на хард дискот од системот за видео надзор кој се наоѓа во канцеларијата на Претседателот на судот, а снимките од посебната камера се зачувуваат на хард дискот од системот за видео надзор кој се наоѓа судскиот администратор.

На влезот за странки и на влезот за вработените има службени лица од судската полиција кои вршат контрола на влез и излез на лица во судската зграда. Лицата адвокати и застапници во судските постапки се идентификуваат од страна на судската полиција врз основа на покана и притоа не се евидентираат при влез и излез во и од судската зграда, освен во случаите кога влегуваат во судската зграда како посетители.

## 10. Заклучок

Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека Апелациониот суд во Штип во текот на 2019 год. го совладал приливот и го намалил заостатокот од 2018 година за 74 предмети.

Заостатокот е намален како резултат со поголемо ангажирање на сите вработени во судот иако судот работи само со 12 судии заедно со претседателот од кои 6 во граѓански оддел и 6 во кривичен оддел. На еден судија функцијата судија му е во мирување, а тројца судии не се избрани.

Вкупниот остаток од сите видови на предмети (235) доколку се подели на бројот на судиите (12) произлегува дека на ниво на суд секој судија има по 19,58 предмети просечно, што според просекот на вкупната месечна норма од сите видови на предмети по кои решава Апелациониот суд Штип претставува едномесечен заостаток.

Констатираме дека квалитетот на донесените одлуки е на високо ниво со оглед на фактот дека во уписникот КЖ од кривичниот оддел укинати се 0,73%, а преиначени се 0,49 % од вкупниот број на решените КЖ предмети, во уписникот КСЖ од кривичниот оддел укинати се 0,60%, а преиначени нема од вкупниот број на решени КСЖ предмети, во уписникот ПРКЖ од кривичниот оддел укинати се 0,22%, а преиначени нема од вкупниот број на решените ПРКЖ предмети, во уписникот КЖМ и КР од кривичниот оддел нема укинати и преиначени одлуки. Во кривичен оддел укинати се 0,48 %, преиначени се 0,19% од вкупниот број на решени КЖ, КСЖ, КЖМ, ПРКЖ и КР.

Во уписникот ГЖ од граѓански оддел укинати се 0,50%, а преиначени се 0,42% од вкупниот број на решени ГЖ предмети. Во уписникот ТСЖ од граѓански оддел укинати се 0,29 %, а преиначени се 0,57 % од вкупниот број на решени ТСЖ предмети. Во уписникот РОЖ од граѓански оддел укинати се 1,45 %, а преиначени се 0,14 % од вкупниот број на решени РОЖ предмети. Во уписникот Р од граѓански оддел нема укинати и преиначени одлуки. Во граѓански оддел укинати се 0,47%, преиначени се 0,34% од вкупниот број на решени ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р.

Седница на судиите и судски оддели редовно се одржуваат и се расправаат прашања од нивната надлежност.

И понатаму останува актуелна потребата од осовременување на информатичката опрема за да може да се остварат обврските од процесните закони.

Јануари 2020 год.

Претседател на судот,
Наке Георгиев